СТОПАНСКА БАНКА
а.д. Битола

*(доверливо)*
**СО 47. седница**
**11.11.2020 година**
**Точка на дневен ред бр.1**

# ОДЛУКА
## за измена и дополнување на Статутот на Стопанска банка а.д. Битола

**Битола, ноември 2020 година**

Врз основа на член 45 од Статутот на Стопанска банка а.д. Битола СО бр. 02-9782/1/II-9 од 29.5.2019 година (пречистен текст) година, Собранието на акционери на Банката на својата 47. седница одржана на 11.11.2020 година, донесе

# О Д Л У К А

**Член 1**

Со оваа Одлука се усвојуваат измените и дополнувањата на Статутот на Стопанска банка а.д. Битола (пречистен текст) СО бр. 02-9782/1/II-9 од 29.5.2019 година.

**Член 2**

Во **член 47 по став 11 се додава нов став 12**, и истиот ќе гласи:

„Барањето се доставува до Управниот одбор во седиштето на Банката. Барањето може да биде содржано во еден документ или во два или повеќе документа потпишани од акционерите кои имаат најмалку една десеттина од вкупниот број на акциите со право на глас."

**Ставот 12 сега станува став 13.**

Во член 47 став 13, во првата реченица зборовите: „Надзорниот одбор" се бришат и истиот ќе гласи:

„Управниот одбор, во рок од осум дена од денот на приемот на барањето за свикување Собрание, донесува одлука за прифаќање или за одбивање на барањето. Во одлуката за одбивање на барањето мора да се наведат причините поради коишто е така одлучено."

**Постоечкиот став 13, станува став 14.**

**Член 3**

**Во член 69 став 1 алинеја 1 по зборовите: „деловната политика" се додаваат зборовите: „и развојниот план", зборот: „нејзиното" се заменува со зборот: „нивното", и истата ќе гласи:**

„1. да ја усвојува деловната политика и развојниот план на Банката и да го следи нивното спроведување;"

**Во член 69 став 1 алинеја 7, по зборовите: „интерниот капитал" се става запирка и се додаваат зборовите: „процесот на утврдување на интерната ликвидност" и истата гласи:**

„7. заедно со Управниот одбор, да го утврди прифатливото ниво на ризик, имајќи ги предвид пазарната конкуренција, регулаторните барање, долгорочните цели на Банката, изложеноста на ризиците и капацитетот за преземање ризици, што подразбира и усогласеност на прифатливото ниво на ризик со деловната политика, финансискиот план, процесот на утврдување на интерниот капитал, процесот на утврдување на интерната ликвидност и системот за наградување;"

**Член 4**

**Во член 86, став 1, алинеја 5, по зборовите: „Секторот за внатрешна ревизија“ се става запирка и се додаваат зборовите: „во согласност со одредбите од Законот за банките и Статутот на Банката“ и истата ќе гласи:**

5) ги именува и разрешува лицата со посебни права и одговорности, со исклучок на директорот на Секторот за внатрешна ревизија, во согласност со одредбите од Законот за банките и Статутот на Банката;

**Алинеја 6 се брише.**

**Следствено, се врши ренумерација на алинејите од алинеја 5 до алинеја 24.**

**Член 5**

**Во член 87, став 6, зборовите: „став 4“ се заменуваат со зборовите: „став 5“ и истиот ќе гласи:**

„За случаите од став 5 точки 1, 2 и 3 од овој член Надзорниот одбор на Банката е должен веднаш да ја извести Народната банка на Република Северна Македонија.“

**Во член 87, став 7, заградите кај бројот 4 се бришат, зборовите: „став 4“ се заменуваат со зборовите: „став 5“ и истиот ќе гласи:**

За наодот од ставот 5 точка 5 на овој член Надзорниот одбор на Банката е должен веднаш да ја извести Народната банка на Република Северна Македонија, доколку наодите имаат значително влијание врз финансиската состојба на Банката.

**Член 6**

**Во член 112 став 3 по алинеја 5, се додава нова алинеја 5-а и истата гласи:**

„5-а) на барање на Државната комисија за спречување на корупцијата, во рамките на извршувањето на нејзините надлежности, во согласност со закон;“

**Член 7**

**Во член 144, се додава нов став 1 и истиот гласи:**

„Со донесување на овој Статут престанува да важи пречистениот текст на Статутот СО бр.02-9782/1/II-9 од 29.5.2019 година.“

**Ставот 1 на член 144 сега станува став 2.**

**Член 8**

Собранието на Акционери го овластува Надзорниот Одбор на Банката да ја дополни или измени оваа Одлука согласно барање на НБРСМ.

**Член 9**

Оваа Одлука влегува во сила по усвојување на измената на Статутот од страна на Собранието на Банката и по добивање претходна согласност од гувернерот на Народна банка на Република Северна Македонија.

СО бр. 02-19821/1/II-1
Битола, 11.11.2020 година

Стопанска банка а.д. Битола
Собрание на акционери
претседавач

СТОПАНСКА БАНКА а.д. БИТОЛА 1

# ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Предметните измени и дополнување на Статутот се вршат со цел усогласување на одредбите на истиот со Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за правилата за добро корпоративно управување во банка (Службен весник на РСМ бр.113/19 од 30.5.2019 година), Законот за трговски друштва („Службен весник на Република Македонија" бр. 28/04, 84/05, 25/07, 87/08, 42/10, 48/10, 24/11, 166/12, 70/13, 119/13, 120/13, 187/13, 38/14, 41/14, 138/14, 88/15, 192/15, 6/16, 30/16, 61/16, 64/18 и 120/18), Закон за изменување и дополнување на Законот за банките (Службен весник на РСМ бр.101/19 од 22.5.2019 година) како и потребата од одредени технички корекции.

Во согласност со истото, се предлагаат измени и дополнувања на членовите: 47, 69, 86, 87, 112 и 144 од Статутот на Стопанска банка а.д. Битола (пречистен текст) СО бр. 02-9782/1/II-9 од 25.5.2019 година.

Имено, се предлагаат следните измени и дополнувања на Стаутот:

Со предложената измена и дополнување на член 47 се врши негово усогласување со член 385 став 4 и став 5 од Законот за трговски друштва. Со предложената измена и дополнување на член 69, став 1 алинеја 1 и 7 се врши усогласување на оваа одредба со т. 3 од Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за правилата за добро корпоративно управување во банка (Службен весник на РСМ бр.113/19 од 30.5.2019 година)

Исто така, се предлагаат технички корекции на член 86 став 1 алинеја 6 и член 87 став 6 и став 7.

Измената и дополнувањето на член 112 став 3 се предлага со цел усогласување на оваа одредба со член 2 од Закон за изменување и дополнување на Законот за банките (Службен весник на РСМ бр.101/19 од 22.5.2019 година).

Со измената и дополнувањето на член 144, се предвидува дека престанува да важи пречистениот текст на Статутот СО бр.02-9782/1/II-9 од 29.5.2019 година.

Имајќи го предвид сето погоренаведено, се јавува потреба за измена и дополнување на Статутот на Стопанска банка а.д. Битола поради што се предлага Собранието на Банката да ја донесе Одлуката за измена и дополнување на Статутот на Банката.

Одлуката стапува во сила по усвојување на измената и дополнувањето на Статутот од страна на Собранието на акционери на Банката и по добивање претходна согласност од гувернерот на Народна банка на Република Северна Македонија.

Стопанска банка а.д. Битола
Надзорен одбор
претседател
м-р Миле Зечевиќ

СТОПАНСКА БАНКА а.д. БИТОЛА 1